Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 104, 17 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за збор на еден наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област - економика и организација на туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно - стручно звање лектор за научната област романистика - шпански јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно – научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација и кинезитерапија) на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звањаод наставно-научната област машински елементи и технички системи и производно машинство, технологии и системи на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 95

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 102

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно - научната област текстилни и технички влакна и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 111

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област прехранбено инженерство на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 119

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Документациона основа за безбедно управување со квалитетот во национална лабораторија за лекови", Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 125

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основните обележја на музичката меморија и нејзиното значење во едукацијата по пијано" од авторите проф. м-р Емилија Потевска и м-р Анита Накова и од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 129

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Инженерство на материјали" од проф. д-р Винета Сребренкоска и проф. д-р Емилија Фиданчевска, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 131

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот меѓународно јавно право" од д-р Дејан Маролов, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 133

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот меѓународно јавно право" од д-р Дејан Маролов, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 135

**РЕЦЕНЗИЈА** на насловот „Меѓународни организации и интеграции" на авторот Митко Кочовски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 137

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ....... 139

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука бр. 1602-81/4 донесена на 87. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 14.5.2013 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-научно звање насловен доцент за научната област меѓународно јавно право на Правниот Факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

– проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски, редовен професор на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј - Скопје (претседател на Комисијата),
– проф. д-р Јован Ананиев, декан и вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член),
– доц. д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот Факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“ од 30.4.2013 год. и во предвидениот рок се пријави само кандидатката д-р Жанета Попоска, вработена во Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Врз основа на пријавата и доставената документација и нивното разгледување, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Правниот факултет на 22.5.2013 година го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 30.4.2013 година, на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за избор на наставник во насловно звања доцент за наставно-научната област меѓународно јавно право, се пријавила кандидатката д-р Жанета Попоска.

Кандидатката ги приложи следниве документи:

– пријава;
– диплома за докторат на полето на правните науки (три копии заверени на нотар);
– кратка биографија (во четири примероци);
– потврда за познавање на англиски јазик (заверена на нотар);
– список на објавени научни и стручни трудови;
– примерок од сите наведени трудови;
– примерок од докторската дисертација на тема „Дискриминација врз основа на хендикеп во меѓународното право за правата на човекот”;
– примерок од магистерската дисертација на тема “Забрана на мачење и тортура во системот базиран на Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи”;
– уверение за државјанство;
– копија од Конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, како и според приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

***Биографски податоци***

Кандидатката **Жанета Попоска** е родена на 19 февруари 1978 година во Велес, Р. Македонија, каде што завршува основното и средното образование. Во учебната 1996/1997 година се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2000 година го завршува Правниот факултет со среден просек 9.00 (девет) и се стекнува со звање дипломиран правник, меѓународно правна група.

Во 2000 година, кандидатката се запишува на постдипломските студии по меѓународно право и политика на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, кои успешно ги завршува во 2003 година со среден просек 10.00 (десет). Магистерската работа на тема *„Заштита од мачење, нечовечно и понижувачко постапување или казнување во рамките на Советот на Европа”* успешно ја одбранува и се стекнува со звање магистер на правни науки од областа на меѓународното право.

Во март 2011 година, кандидатката пријавува докторат на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на тема „*Дискриминација врз основа на хендикеп во меѓународното право за правата на човекот*“. Во јуни 2012 година таа успешно го одбранува својот труд и се стекнува со звање доктор на правни науки.

Кандидатката Жанета Попоска има двегодишно искуство во правната канцеларија „Јаниќевиќ“ (2000/02) како стажант, како и долгогодишно работно искуство во меѓународни владини и невладини организации и алумни е на реномирани високообразовни институции, како што се: Првниот факултет на Универзитетот DUKE University – USA, Правниот факултет на Универзитетот New School University, New York, USA, Netherlands School of Human Rights Research, the Catholic University of Leuven, Poznan Human Rights Center, ERA Academy, Trier, Germany и други. Работи од 2004 година до денес во Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) како офицер за владеење на правото.

Зборува течно англиски јазик и има основни познавања на германскиот и албанскиот јазик.

Професионалните ангажмани и научниот интерес којшто кандидатката го покажува се во сферата на меѓународното право. Тргнувајќи од темите коишто кандидатката досега ги има обработувано, за забележување е нејзиниот интерес за мултидисциплинарен приод на истражување кој што се движи во рамки на правните и политичките науки.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Следејќи ги своите амбиции кон научноистражувачката работа на полето на правните науки, истовремено и своите професионални ангажмани, кандидатката д-р Жанета Попоска реализира научноистражувачка дејност. За забележување е нејзиниот посебен интерес кон меѓународното јавно право со посебен акцент на меѓународните организации и меѓународното право за правата на човекот. Токму во ова проблематика, кандидатката има објавено книги и повеќе стручни трудови, елаборирани подолу.

Во периодот од 2003/2004 година, има работено како асистент на Правниот факултетот при Универзитетот ФОН – Скопје на предметите: Меѓународно јавно право, право на Европската унија и Историја на право.

***Учество на меѓународни обуки, студиски престои и истражувачки проекти***

Јануари-април 2001 година, Студиски престој на Академијата Нансен во Лилехамер (Норвешка), како стипендист на Норвешката влада.

Август, 2001 година, Учество на постдипломска наобразба во рамки на Правниот факултет при Универзитетот DUKE - USA, во областа на: Меѓународното казнено право, Меѓународниот мир и безбедност и Вовед во американскиот правен систем. Женева (Швајцарија);

Јули 2002 година, Учество на постдипломска наобразба во рамки на Правниот факултет при Универзитетот New School - USA во областа на: Одржливи демократии и Демократска култура. Краков (Полска);

Август-октомври 2003 година, Учество на постдипломска наобразба во рамки на International University of Peoples’ Institutions for Peace (IUPIP) - Italy, во областа на:

Меѓународно право за правата на човекот и Мирно разрешување на конфликти. Роверето (Италија);

Јули-август 2009 година, Студиски престој на Институтот Асер во Хаг во рамките на Netherlands School of Human Rights Research како и на Правниот факултет при Католичкиот универзитетот во Лувен (Белгија), како стипендист на Холандската влада.

Август-септември 2010 година, Учество на постдипломска наобразба во рамки на Центарот за човекови права во Познан, во областа на: Меѓународно право за правата на човекот и Заштита на малцинствата. Познан (Полска). Стипендист на Institute of Legal Studies of Polish Academy of Sciences - Poland;

Септември 2011 година, Учество на конференција во рамки на Европската академија за право, тема: Антидискриминационите директиви на ЕУ, Триер (Германија);

Февруари 2012 година, Учество на конференција во рамки на Европската академија за право, тема: Правото на ЕУ кое се донесува на лицата со хендикеп и Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп на ООН, Триер (Германија);

Септември 2012 година, Учество на конференција во рамки на Европската академија за право, тема: Моменталниот развој на антидискриминационото право на ЕУ, Триер (Германија);

Во периодот 2004 – 2013 кандидатката д-р Жанета Попоска има учествувано како говорник или учесник на бројни конференции во Виена и Варшава кои биле организирани од страна на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ). Некои од темите се следниве: антидискриминација, криминал од омраза, одржлив развој и социјална инклузија, забрана на тортура, полициска злоупотреба, тероризам и безбедносни прашања, заштитни механизми за човекови права, демократски институции за владеење на правото, програми за развој на граѓанското општество, реформи во законодавниот процес, и неколку тематски of Supplementary Human Dimensions Meetings. Исто така, има остварено студиски посети на тела за еднаквост во Белгија, Ирска, Шведска и Франција.

***Кандидатката редовно се вклучува во домашни и меѓународни проекти. Како илустрација се следниве:***

- 2004 – Главен истражувач на истражувачкиот проект «Access to Rights» на Migration Asylum Refugee Regional Initiative.
- 2007 – Истражувач во македонскиот тим во рамките на регионалниот ECRE CARDS Project, Country Report for the Republic of Macedonia.
- 2008-2013 – Проектен-менаџер и истражувач на антидискриминационото законодавство во Република Македонија, Мисијата на ОБСЕ во Скопје;
- 2010-2013 – Проектен-менаџер и истражувач на законодавството за заштита од криминалот од омраза и говорот на омраза во Република Македонија, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и ОДИХР од Варшава;
- 2009-2012, Проектен-менаџер и истражувач на реформите во законодавниот процес во Република Македонија, со посебен акцент за законодавството кое ја гарантира транспарентноста и вклученоста на јавноста во законодавниот процес, дискреционите овластувања, унапредување на подзаконските акти и воведување на ex-post евалуација на законите, Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

***Список на научни и стручни трудови (наредени по хронолошки ред од најновиот до најстариот):***

Попоска Ж., Ананиев Ј., 2013. Discrimination in Macedonian companies: case studies research and analysis of current discrimination grounds, forms and trends (Дискриминација во македонските компании: истражување и анализа на студиите на случај за моменталните дискриминаторски основи, форми и трендови), стручен труд објавен во Proceedings from the International OFEL Conference on Corporate Governance (ISBN: 978-953-57413-1-2), Дубровник, Хрватска. Овој стручен труд ја анализира дискриминацијата во македонските компании која е најчесто затскриена и суптилна, а се појавува врз основа на возраст, пол, етничка припадност и хендикеп. Се анализира и законодавството во оваа област со посебен акцент на Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и Законот за

работни односи. Илустративни примери се даваат за сите горенаведени основи, користејќи ги завршените случаи од националното тело за еднаквост – Комисијата за заштита од дискриминација. На крај се прави разграничување на вознемирување, како појавна форма на дискриминацијата и мобингот, како вид психолошко вознемирување. Заклучоците и библиографските единици можат да се најдат на крајот на трудот. Трудот е достапен на англиски јазик.

Попоска Ж., 2012. Дискриминација врз основа на хендикеп во меѓународното право за правата на човекот, Правен факултет „Јустинијан Први", Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Р. Македонија. Овој труд ја претставува докторската работа на д-р Жанета Попоска. Трудот опфаќа: Вовед, три дела и завршни согледувања во коишто се сумирани резултатите од истражувањето на проблематиката. Овој труд претставува обид да се разјаснат дилемите околу прашањето на дискриминацијата врз основ на хендикеп како во меѓународното право за правата на човекот така и во национални рамки.

Во првиот дел се објаснува феноменот на хендикепот и како еволуира во правото гледањето на овој феномен, односно се разгледаат различните модели на гледање на хендикепот низ историјата. Понатаму, овој дел пробува да го објасни концептот на дискриминација врз основа на хендикеп, притоа дефинирајќи ја дискриминаторската основа „хендикеп", како и дискриминацијата врз оваа основа и спецификите кои ги има истата. За крај на овој дел, се дава слика за ситуацијата во посебните сфери/области кои ги покрива законодавството за заштита од дискриминација врз основа на хендикеп, наведувајќи ги посебните специфики за секоја од нив. Интересно е да се види, до каде едно општеството е подготвено да ги предизвика разликувањата врз основа на хендикеп, посебно во областа на вработувањето и работните односи, обрзованието, пристапот до добра и услуги и социјалната и здравствената заштита.

Вториот дел е централниот дел на трудот кој ја објаснува правната заштита на дискриминацијата врз основа на хендикеп во меѓународното право. Предмет на интерес се како меѓународните инструменти, така и регионалните правни инструменти во кои се предвидува заштита од дискриминација врз основа на хендикеп, со цел да се види каде истите се преклопуваат, а каде се разликуваат. Најважно е што голем дел од овие инструменти кои го регулираат ова прашање, посебно оние кое се донесени во изминатава декада се правно обврзувачки. Исто така, предмет на интерес во голема мера е материјалниот и персоналниот опфат на заштита, дефиницијата на дискриминаторната основа „хендикеп" и дискриминација врз основа на хендикеп, оправдувањата кои постојат за неа, како и нејзините специфики, посебно обврската за соодветно приспособување. Најголем форкус се става, покрај на системот на Обединетите нации, на регионалниот систем на заштита на европско тло, т.е. Советот ан Европа и Европската унија. За крај на овој дел, се анализираат и неколку национални законодавства кои се доста прогресивни по прашањето на заштитата од дискриминација врз основа на хендикеп, посебно во делот на соодветното приспособување. Голем дел од овие законодавства ја регулираа заштитата од дискриминацијата врз основа на хендикеп во своите национални системи и пред да постои оваа заштита на меѓународно и регионално ниво. Аргументацијата во целиот дел се дополнува со судската пракса, како на меѓународните судски и квази-судски инстанци, така и на националната јуриспруденција и ставовите кои произлегуваат од работата на националните тела за еднаквост во државите-членки на ЕУ.

Третиот и последен дел го анализира феноменот на дискриминацијата врз основа на хендикеп во Република Македонија. Имено, се анализира законодавната рамка особено Законот за спречување и заштита од дискриминација, со посебен фокус врз формите на дискриминација, вклучително директната, индиректната, вознемирувањето, соодветното приспособување, како и инструкцијата за дискриминација извршени од страна на физички и правни лица како во јавниот така и во приватниот сектор. Исто така, и областите на дискриминација како што се вработувањето и работните односи, образованието, пристапот до добра и услуги, домување, здравство, социјална заштита, управа, правосудство, наука, спорт, членување и дејствување во синдикални организации, политички партии и граѓански организации и друга област, посебно се анализираат. Се заклучува дека заштитата од дискриминација врз основа на хендикеп пробува полека но сигурно да го заземе своето

место во македонското општество, иако сè уште тоа не е постигнато. За жал немањето на доволно судска и квази-судска пракса е значителна пречка во објаснувањето на примената на овие правни институти, предвидени со антидискриминационото законодавство.

По секој дел има коментар, а на крајот на трудот се наведени заклучните согледувања. Исто така, се наведени и библиографските единици. Трудот е достапен на македонски јазик.

Попоска Ж., 2012. Унапредување на квалитетот на образование за лицата со хендикеп преку користење со асистивна информатичка технологија во основното образование, научен труд објавен во Book of Case Studies: Service Learning Success Stories in Macedonia and Croatia, Скопје/Загреб, Р. Македонија/Р.Хрватска. Овој стручен труд дава осврт на националното законодавство кое се однесува на основното образование и го анализира унапредувањето на квалитетот на истото за лицата со хендикеп преку користење на асистивна информатичка технологија. Трудот ги претставува резултатите од спроведувањето на проектот „Еднаков пристап до еднакви можности" од страна на граѓанската организација Отворете ги прозорците а финансиран од страна на УСАИД. Заклучоците и препораките за унапредување на моменталните состојби се јасни и недвосмислени. На крај, трудот завршува со листа на библиографските единици. Трудот е достапен на македонски и на англиски јазик.

Попоска Ж., 2012. Status quo анализа за прашањето на дискриминацијата врз основ на хендикеп во правниот систем на Република Македонија, научен труд, Скопје, Р. Македонија. Овој научен труд ја анализира дискриминацијата врз основа на хендикеп во правниот систем на Република Македонија, со компаративен осврт на меѓународните стандарди во оваа област. Имено, се состои од повеќе разделени целини и тоа: вовед; дефиниција на хендикеп; дискриминација врз основа на хендикеп и оправдување на истата; соодветно приспособување; развој на антидискриминационото законодавството за лицата со хендикеп во конкретни области како што се вработување и работни односи, образование, пристап до добра и услуги, социјална заштита и здравствена заштита и заклучок.

Од трудот може да се заклучи дека дискриминацијата врз основа на хендикеп е широко распространет феномен насекаде низ светот, а Република Македонија не е исклучок од овој тренд. Што се однесува до националното законодавство, во последниве неколку години создадена е антидискриминациска рамка која може да се земе како релативно солидна основа врз која може во иднина да се создава судска пракса. Сепак, во многу од областите е потребно унапредување на состојбите, како што е на пример: дефинирањето на хендикепот и/или заштитната група (лица со хендикеп) во законодавството за заштита од дискриминација; разработување на правниот институт - соодветно приспособување и во таа насока создавање на судска пракса; индивидуализирање на критериумот општа здравствена способност како еден од условите за вработување посебно на лицата со хендикеп; обезбедување на систематизиран и заокружен приод кон остварувањето на правото на образование на лицата со хендикеп без дискриминација и на еднаква основа со другите во законодавството во областа на образованието; обезбедување и гарантирање на пристапноста на објектите, околината, јавниот превоз и системите за информации и комуникација, како и достапноста на јавните ресурси за лицата со хендикеп; надминување на бројните предрасуди спрема лицата со хендикеп посебно за нивниот квалитет на живеење како и животни навики; за интензивирање и одржливост на процесот на деинституционализација и слично. Трудот е достапен на македонски и на англиски јазик.

Попоска Ж., и други, 2012. Хендикеп – делот од сложувалката што недостасува, книга објавена од страна на Полио плус – движење против хендикеп, Скопје, Р. Македонија. Овој труд во форма на поглавје од книга го анализира целокупното законодавство кое на некој начин го допира прашањето на хендикепот. Кандидатката д-р Жанета Попоска го обработува делот кој се однесува на дискриминацијата, како и политичката партиципација на лицата со хендикеп. Трудот е достапен на македонски и на англиски јазик.

Попоска Ж., Кочоска Е., 2011. Политиката на хендикеп на локално ниво, книга објавена од страна на Полио плус – движење против хендикеп, Скопје, Р. Македонија. Овој труд во форма на поглавје од книга претставува водич за вклучување на прашањето на хендикеп во развојните политики на локално ниво согласно со Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп на Организацијата на обединети нации. Се состои од вовед и три глави

кои ја разработуваат Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, развојните политики по прашањето на хендикепот, како и методологијата и дејствувањето на локално ниво. На крај, трудот завршува со листа на библиографските единици. Кандидатката д-р Жанета Попоска го обработува делот кој ја разработува Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп. Трудот е достапен на македонски јазик.

Попоска Ж., 2009 Од конвенција до практика, книга објавена од страна на Министерството за труд и социјална политика, Полио плус – движење против хендикеп, Скопје, Р. Македонија. Овој индивидуален авторски труд во форма на книга дава детален осврт на меѓународната Конвенција за правата на лицата со хендикеп и следните чекори за нејзина ефективна имплементација во Република Македонија. Трудот има вовед и три глави, како и извршно резиме. Во глава еден се обработува Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп и Факултативниот протокол кон истата, а во глава два се разгледуваат следните чекори што Република Македонија треба да ги преземе со цел да се спроведе Конвенцијата. Имено, тука подетално се разработува процесот на идна ратификација на Конвенцијата и Факултативниот протокол кон неа, како и некои области на интерес за нас (рамноправност и недискриминација, пристапност, еднакво признавање на правниот субјективитет, право на слобода и безбедност на личноста, право на независно живеење и вклученост во заедницата, право на работа и вработување, право на образование, хабитација и рехабилитација итн.) и мерките што треба да се преземат. На крајот, следуваат препораки. Трудот е достапен на македонски јазик.

Попоска Ж., 2005. Од идеја до реалност (Сеопфатна и интегрална меѓународна конвенција за заштита и унапредување на правата и достоинството на лицата со хендикеп), книга објавена од страна на Полио плус – движење против хендикеп, Скопје, Р. Македонија. Овој труд во форма на авторска книга дава осврт на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп кој во 2005 година е во завршен нацрт. Трудот е своевиден коментар на сите членови на нацрт Конвенцијата. На крајот се наведени и научените лекции и идни предизвици во процесот на донесувањето и потоа спроведувањето на Конвенцијата. Трудот е достапен на македонски јазик.

Попоска Ж., 2004. Меѓународни норми и стандарди за лицата со хендикеп, книга објавена од страна на Полио плус – движење против хендикеп, Скопје, Р. Македонија. Овој труд претставува монографија и дава осврт на целокупното меѓународно законодавство кое се однесува на правата на лицата со хендикеп. Трудот се состои од четири дела. Во првиот дел се анализираат основните карактеристики на правата на лицата со хендикеп, додека во вториот дел акцент се става на анализата на системите на правна заштита, како универзални така и регионални. Делот три ги разработува индивидуалните права и слободи, како граѓански и политички така и економски, социјални и културни права од аспект на лицата со хендикеп. Последниот, четврт дел го анализира повеќекратниот хендикеп и правата на посебните групи на лица со хендикеп како што се жените, децата, старите лица, сиромашните, домородните народи и бегалците. На крај, трудот завршува со листа на библиографските единици. Трудот е достапен на македонски јазик.

Попоска Ж., 2003. Забрана на мачење и тортура во системот базиран на Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, Правен факултет „Јустинијан Први", Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Р. Македонија. Овој труд го претставува магистерскиот труд на д-р Жанета Попоска. Трудот опфаќа: вовед, три дела со вкупно седум глави и завршни согледувања во коишто се сумирани резултатите од истражувањето на проблематиката. Овој труд претставува обид да се разјаснат некои дилеми околу прашањето за поимот и широкото толкување на забраната на мачење и тортура во регионалниот, Европски правен систем, како и нивната еволуција низ времето.

Во првиот дел кој се состои од две глави се анализира системот заснован на Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, историјатот, структурата и територијалното важење. Дополнително се анализираат и структурната поставеност и постапката пред Европскиот суд за човекови права, кое е клучен дел од овој систем. Посебно внимание се посветува на различните функции на системот и тоа како: филтер, посредник, прибирач на докази и пресудувач.

Во вториот дел кој се состои од три глави фокусот е ставен на основните прашања поврзани со забраната на мачење и тортура како човекови право. Имено, во анализа на тоа што претставува тортурата се разгледува судирот на универзализмот на човековите права и културниот релативизам како различни теоретски дискурси. Потоа, се преминува кон инструментите и механизмите за заштита анализирајќи ги притоа како судските,така и квази-судските маханизми. Во овој дел извештаите на Комитетот за превенција од тортура при Советот на Европа беа од значителен интерес за авторот како и судската пракса на Европскиот суд за човекови права. На крај од овој дел се раслојува мачењето и тортурата и се анализираат овие поими посебно во склад со членот 3 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи. Авторот посебно се занимава со мачењето, нечовечкото постапување или казнување, понижувачкото постапување или казнување, како и посебните мерки како што се екстрадиција, протерување или депортирање од земјата или дозволата за влез во земјата и имиграцијата.

Во третиот дел кој се состои од две глави се обработуваат сите извештаи за република Македонија од страна на Комитетот за превенција од тортура при Советот на Европа пластично претставувајќи ги моменталните проблеми и предизвици со кои државата се соочува на ова поле. За крај се анализираа и сите судски случаи поврзани со Македонија, опфаќајќи ги оние случаи поднесени против државата, како и оние случаи кои се поднесени против други држави од страна на македонски државјани.

По секој дел има коментар, а на крајот на трудот се наведени заклучните согледувања. Исто така се наведени и библиографските единици, како и прилог 1 во кој се наведуваат листата на судски случаи. Трудот е достапен на македонски јазик.

Дополнително, во периодот 2010-2012 година кандидатката д-р Жанета Попоска била раководител на истражувачки проекти од кои како резултат се јавуваат следниве публикации, и тоа:

- Дискриминација по основа на етничка припадност (извештај од истражување), ОБСЕ, Скопје;
- Прирачник за обука на судии за антидискриминациското законодавство, ОБСЕ, Скопје;
- Пресуди и одлуки во врска со говорот на омраза од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, ОБСЕ, Скопје;
- Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза, ОБСЕ Скопје, и
- Водич за давање на повратна информација до јавноста за резултатите од процесите на подготовка на законите, ОБСЕ, Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од погореизнесеното и добиениот впечаток од разгледувањето на поднесената документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатката, Комисијата смета дека д-р Жанета Попоска се развива во солиден и перспективен научен работник, кој го заслужува своето место во научните кадри на Правниот факултет. Таа ги задоволува сите стручни и наставно-научни услови, согласно со позитивните законски прописи, за да биде избрана во насловно звање доцент за наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип да ја избере д-р Жанета Попоска**, во насловно звање доцент за наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Љубомир Д.Фрчкоски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Јован Ананиев, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Љупчо Сотироски, доцент, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Жанета Попоска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| б) Научноистражувачка (НИ) дејност: | | | |
| Монографија - Меѓународни норми и стандарди за лицата со хендикеп | 1 | 10 | 10 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник од трудови на научен собир:<br>Book of Case Studies: Service Learning Success Stories in Macedonia and Croatia | 1 | 2 | 2 |
| Пленарно предавање на научен собир:<br>Европската академија за право, Триер, Германија<br>Supplementary Human Dimension Implementation Meeting, Vienna, Austria | 2 | 6 | 12 |
| Секциско предавање на научен собир:<br>OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights, Warsaw, Poland | 1 | 4 | 4 |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| Одбранета магистерска теза | 1 | 4 | 4 |
| Раководител на научен проект<br>Во областа на антидискриминацијата<br>Во областа на криминалот од омраза | 2 | 4 | 8 |
| Учесник на научен проект<br>Во областа на измените во законодавниот систем | 1 | 2 | 2 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| в) Стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) дејност | | | |
| Книга:<br>Од конвенција до практика<br>Од идеја до реалност | 2 | 10 | 20 |
| Поглавје од книга:<br>Хендикеп – делот од сложувалката што недостасува<br>Политиката на хендикеп на локално ниво | 2 | 4 | 8 |
| Труд во стручно списание:<br>Унапредување на квалитетот на образование за лицата со хендикеп преку користење со асистивна информатичка технологија во основното образование (стручен труд) | 1 | 2 | 2 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир:<br>Discrimination in Macedonian companies: case studies research and analysis of current discrimination grounds, forms and trends (стручен труд)<br>Status quo анализа за прашањето на дискриминацијата врз основа на хендикеп во правниот систем на Република Македонија (научен труд) | 2 | 3 | 6 |
| Учесник во научен проект | 1 | 5 | 5 |
| Техничко унапредување:<br>Microsoft Access, database software | 1 | 2 | 2 |
| **ВКУПНО** | | | 101 |